**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2656/**

# З А П И С Н И К

**Од 278.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 28.04.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Селпин Керим,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**

**/**

Седницата започна во 15.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните и предложи измена во денвниот ред.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот и едногласно го усвои.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 277.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на пристигнатите пријави по Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ.

3. Разгледување на Ургенција од Синдикалната организација при МРТ со бр.03-2223/2 од 22.04.2025 година, и Информација со бр.03-2223/3 од 28.04.2025 година по однос на одржаните преговори за усогласување на минимална плата согласно закон и измена на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 277.седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 277.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 277.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 277.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на пристигнатите пријави по Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ.**

Алимпие Алулоски од Одделението за стручна и техничка поддршка на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ на почетокот од оваа точка кажа дека јавниот конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ е завршен, и пред присутните информираше за законските процедури за спроведување на постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и пред се од Статутот на ЈРП МРТ.

Без поединечно отварање на затворените писма од пристигнатите кандидатури, членовите на Програмскиот совет на МРТ извршија само броење на пристигнатите кандидатури.

Утврдено беше дека се пристигнати пријави од 7 кандидати, од пристигнатите 7 пријави една пријава е наменета за Конкурсот за избор на членови на Програмскиот совет на МРТ, кој го распиша и го води Собранието на РСМ, што значи само 6 апликации се однесуваат на овој конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

Се констатира дека нема доволен потребен број на кандидати.

Врз основа на сето ова Програмскиот совет на МРТ го поништува огласот за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ,и за во иднина се охрабруваат што повеќе лица да конкурираат, за да има квантитативен избор, а со тоа би имало и поквалитетен избор за членови на Надзорниот одбор во МРТ.

По расправата Одлуката за поништување на Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ беше ставена на гласање.

■**Одлуката за поништување на Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за поништување на Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ е едногласно **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Врз основа на член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на Р.Македонија бр.184/13,13/14,44/14, 101/14,132/14,142/16,132/17,168/18,248/18 и 27/19 и Сл.весник на РС Македонија бр.154/19,42/20,48/21,77/21,154/23 и 55/24) и член 39 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 278.седница одржана на 28.04.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за поништување на Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ**

**I.** Се поништува Јаниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ со бр.02-1806/3 објавен на 24.03.2025 година.

**II.**Пристигнатите пријави нема да бидат земени во предвид.

**III.**Пристигнатите документи за исполнување на бараните услови по конкурсот да се вратат по пошта во затворен плик до пријавените кандидати.

**IV.**Одлуката да се објави на ВЕБ страната на МРТ.

**V.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.

**VI.**Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директор на ЈРП МРТ,
- Одделение за стручна и техничка подршка на ПС и НО,
- Архивата на МРТ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмскиот совет на МРТ утврди дека по објавениот Јавен оглас за избор на членови на Надзорниот одбор се пријавил мал број на кандидати. Оваа околност го нарушува основното начело на обезбедување на фер и конкурентен изборен процес, кој е клучен за избор на најквалификувани и најсоодветни кандидати за вршење на оваа важна функција. Недоволниот број на пријавени кандидати значително ја ограничува можноста за вистинска проценка и споредба на стручните компетенции, искуството и етичките стандарди на апликантите, со што се намалува веројатноста за избор на најсоодветен состав на Надзорниот одбор.

Понатаму, ваквата состојба може да доведе до ризик од перцепција за нетранспарентност и селективност во постапката, што би го нарушило кредибилитетот на целиот процес и на самата институција. Со оглед на значењето на Надзорниот одборна МРТ за осигурување на отчетноста и законитото работење на МРТ, како и на обврската за обезбедување на високи стандарди на јавната функција, Програмскиот совет на МРТ оцени дека се исполнети условите за поништување на огласот и за повторно објавување на јавен конкурс под подобрени услови кои ќе овозможат поширока конкуренција и избор од поголем број на квалитетни кандидати.

**ТОЧКА3:Разгледување на Ургенција од Синдикалната организација при МРТ со бр.03-2223/2 од 22.04.2025 година, и Информација со бр.03-2223/3 од 28.04.2025 година по однос на одржаните преговори за усогласување на минимална плата согласно закон и измена на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја прочита пред присутните Информацијата со бр.03-2223/3 од 28.04.2025 година по однос на одржаните преговори за усогласување на минимална плата согласно закон и измена на Колективниот договор на ЈРП МРТ, како и Ургенцијата од Синдикалната организација при МРТ со бр.03-2223/2 од 22.04.2025 година.

По расправата беше одлучено Информацијата со бр.03-2223/3 од 28.04.2025 година по однос на одржаните преговори за усогласување на минимална плата согласно закон и измена на Колективниот договор на ЈРП МРТ во еден дел да се корегира и заедно со документ на Предлог Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ да бидат разгледувани на наредна седница на Програмскиот совет на МРТ, на која ќе бидат присутни Директорот на ЈРП МРТ или негови претставници, како и претставници на Синдикалната организација при МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 16.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател